VCO

Република Северна Македонија
**Министерство за економија**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Ekonomisë**

Сектор за правни работи
Sektori për çështje juridike

**Архивски број:** 15-3387/2
Скопје, 30-07-2020 2020 година

ДО:

**Предмет:** Одговор на барање бр. 03-3925/7 од 17.07.2020 година
Врска:Барање за пристап до информации од јавен карактер од ПОЛИО ПЛУС движење против хендикеп

Почитувани,

На ден 21.07.2020 година во архивата на Министерството за економија пристигна Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под наш број 15-3387/1 во кое се бараат информации од јавен карактер од „ПОЛИО ПЛУС- движење против хендикеп, а кои се однесуваат на опфатеноста на лицата со попреценост со владините економски мерки за справување со кризата настаната од пандемијата COVID-19.

По однос на Вашето барање, одговор е добиен од страна на Секторот за туризам и угостителство при Министерството за економија, кој во прилог Ви се доставува на ваше запознавање и понатамошно постапување:

„Согласно Уредбата со законска сила за издавање на ваучери на вработени лица со низок доход заради поттикнување на домашниот туризам за време на вонредна состојба се дадени критериумите кои треба да ги исполнуваат лицата и тоа:

-Вработени лица со нето плата до 15.000 ден месечно

-Лица кои се во работен однос и кои за периодот јануари-април 2020 година оствариле доход само по основ на плата и надоместоци на плата во нето износ не поголем од 60.000 денари на ниво на полно работно време, според евиденцијата на УЈП.

Министерството за економија го води Проектот за издавање на ваучери за туризам врз основа на листата на граѓани кои ги исполнуваат наведените критериуми изготвена од УЈП и од таа причина не сме во состојба да ви дадеме податок за процентот на корисници со хендикеп кои се опфатени со проектот ваучер за туризам.

Република Северна Македонија
**Министерство за економија**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Ekonomisë**

Сектор за правни работи
Sektori për çështje juridike

Истотака ве известуваме дека платежните картички во износ од 3000 и 9000 денари се во надлежност на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и истите се издаваат врз основа на утврдени китериуми и евиденцијата од УЈП.
Доколку сметате дека ќе ги добиете бараните податоци во однос на лицата кои ќе добијат ваучер за туризам и тоа по категоризација и степен на хендикеп, возраст, пол, етничка припадност и сл. ве молиме обратете се до Управата за јавни приходи.

На следните линкови можете да ги најдете сите категории на лица кои исполнуваат услови за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход. “
https://domasiedoma.gov.mk/
https://kupuvamdomasno.gov.mk/mk/info

**Со почит,**

**Kreshnik Bekteshi**
**МИНИСТЕР,**
**MINISTËR**

Изработил/Сенад Сали
Контролирал/Kontrolloi: Елисавета Миновска, Elisaveta Minovska
Одобрил/ Aprovoi:Билјана Мицковски, Biljana Mickovska
Сунај Јакупов
Fatmire Hoxha, Фатмире Хоџа
Беким Хадзиу
Согласен/Miratoi: Зоран Павловски, Zoran Pavllovski